ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, бул.8-ми Септември бр.19А, 1000 Скопје
Централа: +389 2 3228 904 Штети: +389 2 5511 563 Факс: +389 2 3117 194
contact@euroins.com.mk steti@euroins.com.mk finansii@euroins.com.mk

# ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје -** друштво за осигурување со долги години успешно работење на македонскиот осигурителен пазар, **врши повик за работа за следната работна позиција со утврден профил на кадар**:

## ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР

**ОПИС НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ:**

- Работа во независна организациона единица Служба за внатрешна ревизија;
- Спроведување внатрешна ревизија на работењето на друштвото за осигурување со цел да се утврди дали друштвото ги врши работите на осигурување во согласност со Законот за супервизија на осигурување;
- Спроведување на процесот на внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и правилата за вршење на внатрешна ревизија;
- Изготвување и реализирање на годишна програма за работа на внатрешната ревизија;
- Извршување на планираните ревизии и ангажмани определени со годишниот план за работа на внатрешната ревизија одобрен од Одборот на директори;
- Изготвување извештаи за спроведената внатрешна ревизија и годишен извештај за внатрешната ревизија;
- Соработка со надворешните ревизори;
- По барање на Одборот на директори и/или Извршниот директор да врши и други вонредни ревизии и контроли на работењето на одделните организациони единици на друштвото или одделни процеси;
- Вршење на други работни задачи во согласност со закон и интерните акти на друштвото.

**НУДИМЕ:**

- Полно работно време од 40 часа, од понеделник до петок, од 08:00 до 16:00 часот;
- Обезбедување на континуирано професионално усовршување заради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата;
- Плата во согласност со искуството, квалификациите и природата на работата;
- Работа во динамична, развојна и пријатна средина;
- Работно место во седиштето на Друштвото во Скопје.

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ, ИСКУСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ:**

- Високо образование од областа на Економија, Сметководство и Финансии;
- Лиценца за овластен ревизор согласно Законот за ревизија или CIA -Меѓународен сертификат за внатрешен ревизор издаден од IIA;
- За предност ќе се смета работно искуство во друштво за осигурување;
- Искуство во внатрешна или надворешна ревизија;
- Добро владеење на англиски јазик на работно ниво;
- Комуникациски способности и способност за тимска работа;
- Способност за толкување и анализа на голема количина на податоци и изработка на извештаи;
- Одлични интерперсонални способности, со можност за лесна и ефикасна комуникација на сите нивоа.

**Доколку сметате дека сте вистински кандидат за работната позиција, Ве молиме испратете Ваша биографија на македонски јазик на следната e-mail адреса: hr@euroins.com.mk, со назнака дека аплицирате за конкретното работно место, не подоцна од 20.03.2024 година.**

**Вашите документи за аплицирање треба јасно да покажат зошто токму Вие одговарате за позицијата за која аплицирате.**

**Со самото аплицирање, кандидатот се согласува неговите лични податоци наведени во биографијата и пропратните документи да бидат чувани во базата на податоци и обработувани од ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во рок од 1 година од денот на истекот на рокот за избор. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци согласно Законот за заштита на лични податоци.**

**Само кандидати кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани на интервју.**